Правење ваш NDIS план

Книга 2 од 3

Верзија за лесно читање

Macedonian | Македонски

ndis

ndis.gov.au

ndis.gov.au

Како да се користи оваа книга

Оваа книга ја напиша Националната програма за осигурување на лица со попреченост (National Disability Insurance Agency - NDIA). Кога ќе го видите зборот „ние“, тоа значи NDIA.

Ја напишавме оваа книга на начин што е лесен за читање.

Користиме слики за да објасниме некои идеи.

Крупно

Не крупно

Некои важни зборови ги напишавме со **крупни** букви.

Тоа значи дека буквите се подебели и потемни.

Објаснуваме што тие крупни зборови значат.

Список на тие зборови е на страницата 51.

Оваа книга лесна за читање (Easy Read) е резиме на една друга книга.

Може да побарате помош за читање на оваа книга. Некој пријател, член на семејството или лице за поддршка би можеле да ви помогнат.

Има 3 книги кои делуваат заедно.

Во првата книга се објаснува како да се поднесе барање за NDIS.

Во втората книга се објаснува како да се направи NDIS план.

Во третата книга се објаснува како да го користите вашиот NDIS план.

Ова е Книга 2.

Целата книга не мора да ја прочитате наеднаш.

Не мора да брзате и читајте ја кога можете.

Што содржи овој документ?

Што е NDIS план? 6

Како правите план? 7

Што се случува пред разговорот за планирање? 9

Подготовка за вашиот разговор за планирање 12

Информации за вас 17

Како сакате да управувате со вашето финансирање? 38

Што се случува после вашиот разговор за планирање? 43

Како да користите myplace 44

Што ако не се согласувате со тоа што е во вашиот план? 47

Повеќе информации 49

Список на зборови 51

Белешки 55

Што е NDIS план?

NDIS план е документ во кој се вклучени информации за:

- вас и вашите цели

- каква поддршка ви треба

- за кои видови на поддршка NDIS ќе плати.



Во оваа книшка, тоа го викаме план.

Како правите план?

Кога луѓето со попреченост ќе се вклучат во NDIS, ги викаме **учесници**.

Кога ќе станете учесник, ви помагаме да направите план.

Пред да добие план, секој мора да учествува во разговор за планирање.

Во разговорот за планирање ние ќе треба да знаеме:

- кој сте вие
- што се случува во вашиот живот.

Кога го правиме вашиот план, ќе разговараме какви видови на поддршка може да ви помогнат да ги остварите вашите цели.

И може да побараме повеќе информации од вас за видовите на поддршка што ги добивате, ако е потребно.

Информациите добиени во овој разговор за планирање ги користиме за да го направиме вашиот план.



Кога ќе го направиме вашиот план, ние ќе го **одобриме**.

Тоа значи дека се согласуваме со сè во вашиот план.

Исто така, ние ќе ви го пратиме планот.

Може да побарате од други луѓе да ви помогнат да донесувате одлуки за вашиот план.

На пример, член на семејството или пријател/пријателка.

Што се случува пред разговорот за планирање?

Ние ќе ги провериме сите информации што нѝ ги дадовте кога поднесовте барање за вклучување во NDIS.

Ова ги вклучува сите информации од:

- вашите доктори или други здравствени работници

- службите чии услуги можеби ги користите.

Исто така, тука се вклучени информациите што ги имаме за тоа кои видови поддршка ви требаат.

Би можеле да контактираме со вас за да утврдиме кога сакате да биде вашиот разговор за планирање.

Локален областен координатор би можел да контактира со вас.

Тоа е некој кој им помага на луѓето со попреченост да најдат и користат поддршка.

Партнер за поддршка на деца на претшколска возраст би можел да контактира со вас.

Тоа е некој кој им дава поддршка на децата со попреченост и на нивните семејства да најдат и користат поддршка.

Или би можел да контактира со вас **NDIA планер**.

Тоа е некој кој прави нови планови.

Ќе ве прашаме како сакате да се одржи вашиот разговор за планирање.

На пример, може да нѝ речете:

- каде сакате да се одржи разговорот за планирање
- како сакате да се одвива разговорот за планирање.

Податоци за контакт на вашиот партнер за поддршка на деца на претшколска вораст, локален обласен координатор или NDIA планер

Име

Телефонски број

Имејл адреса

Адреса на канцеларија

Подготовка за вашиот разговор за планирање

За што ќе зборуваме на вашиот разговор за планирање?

Ние ќе разговараме со вас:

- што правите сега

- што би сакале да правите во иднина.

Ќе ви поставуваме прашања за:

- вашите цели

- каде живеете и со кого живеете.

Исто така ќе ве прашаме:

- кои видови на поддршка сега имате

- што сакате да правите за забава.

Исто така ќе ве прашаме кои видови на поддршка ви требаат за да:

- ги развиете вашите способности

- самите правите повеќе работи.

Може да ја користите оваа книшка за да се подготвите за вашиот разговор за планирање.

Имаме прашања на кои може да одговорите за да се подготвите.

Во оваа книшка има квадрати за да ги споделите вашите одговори подоцна.



Сите информации што ќе ги споделите ќе нѝ помогнат да го направиме вашиот план.

Сите ваши информации ќе ги чуваме:

- безбедни
- во доверба.

Што треба да донесете со себе?

Кога доаѓате на разговорот за планирање, ве молиме донесете:

- оваа книшка

- доказ за вашиот идентитет, како што се возачка дозвола или пасош

- список на сите помагала или опрема што ги користите

- вашето пријавување (login) и лозинка на myGov

- податоци за вашата банковна сметка

- сите информации од вашите доктори или здравствени работници.

Кој може да дојде со вас?

На разговор за планирање може да дојдете сами.

Или со вас може да дојде:

- член на семејството или пријател/ пријателка

- застапник - некој кој зборува во името на луѓето со попреченост.

Информации за вас

Ние би сакале да знаеме повеќе за вас.

Тоа ќе нѝ помогне да го направиме вашиот план.

Како се викате?

Кој е вашиот датум на раѓање?

Кој е вашиот NDIS participant number (број на учесник во NDIS)?

Тој број може да го најдете во писмото што:

- ви го пративме
- во кое се вели дека може да се вклучите во NDIS.

Кој вид на попреченост имате?

Како вашата попреченост влијае на вашиот секојдневен живот?

На пример, дали ви треба поддршка:

- да се движите наоколу?
- да правите секојдневни нешта како што е, на пример, готвењето?

Исто така сакаме да знаеме други работи за вас.

Кои луѓе или работи се важни за вас?

Каде живеете?

Што сакате да правите?

Дали работите?

Сакаме да знаеме кои видови поддршка користите секоја недела.

Во тоа спаѓа поддршката од:

- заедницата

- државата.

Вашите одговори ќе нѝ помогнат да дознаеме кои видови поддршка:

- користите сега

- би можеле да ви требаат во иднина.

Што правите во секојдневниот живот?

Каква поддршка имате за да ги правите тие работи?

Во понеделниците

Во вторниците

Во средите

Во четвртоците

Во петоците

Во текот на викендот

Која друга поддршка користите?

Дали користите други видови поддршка:



- секои две недели?

- секој месец?

- повремено?

Дали користите технологија за помош (assistive technology) за да го правите тоа што го сакате секој ден?

Технологијата за помош може:

- да олесни да се прават нешта
- да ве одржува безбедни.

Технологијата за помош може да биде:

- помагало или опрема
- систем што се користи.

Дали ви треба поддршка за секојдневни работи?

Поддршката дома и за живот (home and living supports) може да ви помогне:

- да правите работи за себе

- да научите нови способности.

Важни луѓе во вашиот живот

Сакаме да знаеме повеќе за важните луѓе во вашиот живот.

Во нив може да спаѓаат:

- членови на семејството

- пријатели.

Или тоа би можел да биде некој друг кој води грижа за вас.

Кој е важен во вашиот живот?

Лице 1

Име

Негова/нејзина врска со вас

На кој начин е тој/таа дел од вашиот живот

Лице 2

Име

Негова/нејзина врска со вас

На кој начин е тој/таа дел од вашиот живот

Лице 3

Име

Негова/нејзина врска со вас

На кој начин е тој/таа дел од вашиот живот

Лице 4

Име

Негова/нејзина врска со вас

На кој начин е тој/таа дел од вашиот живот

Лице 5

Име

Негова/нејзина врска со вас

На кој начин е тој/таа дел од вашиот живот

Лице 6

Име

Негова/нејзина врска со вас

На кој начин е тој/таа дел од вашиот живот

Информации за вашите цели

Вие може да имате:



- краткорочни цели - кои обично може да ги остварите во рок од една година

- долгорочни цели - за кои е потребно подолго да се постигнат.

Двата вида на цели се важни.

Целите што ги споделувате со нас ќе ни помогнат да обезбедиме дека вашиот план:

- ги задоволува вашите потреби
- ќе ви помогне во остварувањето на вашите цели.

Кога ги планирате вашите цели, размислете што вие:

- сакате да правите

- сакате да промените

- сакате да се обидете.

Кои се вашите краткорочни цели?

Кои работи би можеле да работите во следните 12 месеци?

На пример, ваша цел би можела да биде да научите како самостојно да користите јавен превоз.

Кои се вашите долгорочни цели?

Кои работи би можеле да работите во иднина?

На пример, ваша цел би можела да биде да се отселите од дома со пријател/пријателка.

Други информации што би сакале да знаеме

Дали било кога сте добиле оштета?

Оштета се пари што можеби сте ги добиле ако вашата попреченост е резултат на несреќа.

Од времето кога сте добиле оштета:

- дали нешто се променило?
- дали сте барале да добиете поголема оштета?

Што друго би сакале да нѝ речете?

Дали сакате да нѝ речете за некој дел од животот?

Дали имате други прашања?

Белешки од разговорот за планирање

Може да правите прибелешки за тоа што зборувавте на вашиот разговор за планирање.

Како сакате да управувате со вашето финансирање?

Финансирање се пари од државата со кои се плаќаат поддршки и услуги.

Постојат три различни начини за управување со вашето финансирање.

На следните страници ќе ги објасниме тие три начини.

Може да одберете:

- една од овие опции
- комбинација од овие опции.

Што се случува кога самите управувате (self-manage) со вашето финансирање?

Кога сами управувате, одбирате вие самите да управувате со вашиот план.

Во тоа спаѓа и управувањето со вашето финансирање.

Кога сами управувате, вие ќе го контролирате вашето финансирање.

И вие ќе одлучите:

- каква поддршка ќе добивате
- кој ќе ја дава таа поддршка
- како поддршката ќе биде дадена.

Кога самите управувате, исто така вие може да:

- ангажирате луѓе да ви даваат поддршка

- некој друг да ги ангажира тие луѓе.

И вие може да пресметате колку ќе чини поддршката.

Тоа значи дека може да обезбедите дека вашата поддршка се исплатува.

Што се случува ако користите менаџер за планирање?

Може да одберете да имате менаџер за планирање.

Тоа значи дека вие ангажирате некого кој ќе ви помага да управувате со вашето финансирање.

Вашиот менаџер за планирање:

- ќе ја плаќа поддршка што ви е потребна

- ќе ви помага да водите евиденција за вашето финансирање

- ќе води евиденција како го трошите вашето финансирање.

Вашиот менаџер за планирање го плаќате вие од вашето финансирање.

А менаџерот мора да биде **давател на услуги регистриран во NDIS**.

Давател на услуги регистриран во NDIS:

- може да понуди некои видови поддршка и услуги на учесниците
- е на список што ние го водиме
- мора да следи некои правила што ние ги поставуваме.

Што се случува ако NDIA управува со вашето финансирање?

Вие може да одберете NDIA да управува со вашето финансирање.

Ние ќе ја плаќаме поддршката што вие ќе ја одберете.

Кога NDIA управува со вашиот план, мора да користите даватели на услуги регистрирани во NDIS.

Вие може да водите евиденција за вашето финансирање на:

- порталот myplace
- апликацијата my NDIS.

Што се случува после вашиот разговор за планирање?

Добивање на одобрен план



После вашиот состанок за планирање, ние ќе одлучиме дали ќе го одобриме вашиот план или не.

На крајот од вашиот состанок за планирање, ќе ви речеме:

- кои се следните чекори
- колку време ќе чекате за да го добиете вашиот одобрен план.

Кога ќе го одобриме вашиот план



Откако ќе го одобриме вашиот план, ќе ви пратиме копија во рок од 7 дена.

Исто така ќе споделиме копија на вашиот план на:

- порталот myplace
- апликацијата NDIA.

На следната страница објаснуваме како да го користите порталот myplace.

Како да користите myplace

За да користите myplace, треба да имате **myGov** сметка.

myGov е веб-страница која ги поврзува:

- вашите даночни информации
- вашите медицински информации



Таа исто така поврзува други државни услуги што ги користите.

Може да отидете на веб-страницата myGov за да:

- се пријавите (log in) во вашата сметка
- отворите сметка.

www.my.gov.au

Што ако ми треба поддршка?

Може да ви треба помош:

- да отворите myGov сметка

- го користите порталот myplace на NDIS.

Може да стапите во контакт со разни луѓе како што се:

- вашиот партнер за деца на претшколска возраст

- вашиот локален обласен координатор

- NDIA.

Исто така можете да се јавите линијата за помош на myGov.

13 23 07

Што ако не се согласувате со тоа што е во вашиот план?

Може да побарате да го смениме вашиот план ако:

- не сте задоволни со вашиот план
- не се согласувате со целите во вашиот план.

Исто така може да побарате од NDIA да направи **внатрешно преразгледување**.

При внатрешно преразгледување ние го проверуваме вашиот план за да видиме што:

- работи добро
- може да биде подобро.

Вие може да стапите во контакт со вашиот:

- партнер за деца на претшколска возраст
- локален обласен координатор или
- NDIA планер.

Тие може да објаснат како да се побара внатрешно преразгледување.

Исто така, тие може да помогнат да најдете застапник, ако сакате.



Внатрешно преразгледување на вашиот план треба да побарате во рок од три месеци откако сте го добиле.

Ако не се согласувате со нашето внатрешно преразгледување, може да побарате **Administrative Appeals Tribunal (AAT) (Трибунал за административни жалби)** да ја преразгледа нашата одлука.

AAT ги преразгледува владините одлуки.

Со AAT може да контактирате преку нивната веб-страница.
www.aat.gov.au

Повеќе информации

За повеќе информации за оваа книга, може да ни се јавите.

Може да ја посетите нашата веб-страница.

www.ndis.gov.au

Може да нѝ се јавите.

1800 800 110

Може да нѐ следите на Фејсбук.

www.facebook.com/NDISAus

Може да нѐ следите на Твитер.

@NDIS

Помош за разговор со нас

Може да разговарате со нас онлајн користејќи ја опцијата вебчат на горниот дел од нашата веб-страница.

www.ndis.gov.au



Ако не зборувате англиски, може да се јавите на Службата за писмено и усно преведување (Translating and Interpreting Service - TIS).

131 450

Ако имате попреченост на говорот или слухот, може да се јавите на:

TTY

1800 555 677

Зборувај и слушај

1800 555 727

National Relay Service

National Relay Service (Национална служба за поврзување на лица со оштетен слух или говор)

133 677

www.relayservice.gov.au

Список на зборови

Во овој список се објаснува што значат задебелените зборови во овој документ.

Administrative Appeals Tribunal (AAT) (Трибунал за административни жалби)

AAT е еден вид на суд кој преразгледува и донесува некои одлуки во врска со планови и за тоа кој може да користи NDIS.



Одобрување

Кога одобруваме план, ние се согласуваме со сè во вашиот план.

Технологија за помош

Технологијата за помош може:

- да олесни да се прават нешта
- да ве одржува безбедни.

Технологијата за помош може да биде:

- помагало или опрема
- систем што се користи.

Оштета

Оштета се пари што можеби сте ги добиле ако вашата попреченост е резултат на несреќа.

Партнер за деца на претшколска возраст

Партнер за деца на претшколска возраст е некој кој им помага на децата со попреченост и на нивните семејства да најдат и користат поддршка.

Финансирање

Финансирање се пари од државата со кои се плаќаат поддршка и услуги.

Внатрешно преразгледување

При внатрешно преразгледување ние го проверуваме вашиот план за да видиме што:

- работи добро
- може да биде подобро.

Локален обласен координатор

Локален обласен координатор е некој кој им помага на луѓето со попреченост да најдат и користат поддршка.



myGov

myGov е веб-страница која ги поврзува:

- вашите даночни информации
- вашите медицински информации
- други државни услуги што ги користите.

NDIA планер

NDIA планер е некој кој прави нови планови.

NDIS план

NDIS план е документ во кој се вклучени информации за:

- вас и вашите цели

- тоа каква поддршка ви треба

- кои видови на поддршка NDIS ќе ги плати.

Давател на услуги регистриран во NDIS

Давател на услуги регистриран во NDIS:

- може да понуди некои видови поддршка и услуги на учесниците
- е на список што ние го водиме
- мора да следи некои правила што ние ги поставуваме.

Учесници

Кога луѓе со попреченост ќе се вклучат во NDIS, ние ги викаме учесници.

The Information Access Group го подготви овој документ за лесно читање користејќи професионални фотографии и специјални слики. Сликите не можат да бидат повторно употребени без дозвола. За прашања во врска со сликите, ве молиме посетете **www.informationaccessgroup.com**. Наведете работен број 4847.

Белешки

ndis

ndis.gov.au

DA0673 Macedonian (LOTE) Booklet: 2 Creating your NDIS plan Oct 2022